**Д-р Жаклина Атанасовска**
Министерство за труд и социјална политика

# МЕЃУГЕНЕРАЦИСКИ ВРСКИ: СИСТЕМИ НА ПОДДРШКА НА СТАРИТЕ ЛИЦА

UDK:364-787.2-053.9

**Апстракт**

Стареењето на популацијата е предизвик за меѓугенерациската поддршка, приватно во рамки на семејството и јавно во општеството. Загриженоста за меѓугенерациската поддршка најчесто се лоцира кај помладата генерација: Дали помладите ќе продолжат да ги поддржуваат постарите? Во рамките на семејствата, прашањето би било, дали возрасните деца ќе сакаат и дали ќе бидат во можност да ги помагаат своите стари родители? Меѓугенерациските семејни врски се составени од двете страни и треба подеднакво да се биде заинтересиран за тоа како стареењето на популацијата може да влијае на двете генерации. Родителите им помагаат на своите деца во поголемиот дел од животот и настојуваат да ги заштитат своите деца дури и кога имаат потреба од помош. Разбирливо е дека личните очекувања и личната заинтересираност кај помладите ќе влијаат на тоа како возрасните деца ќе се однесуваат кон старите родители.

Предмет на истражување во овој труд се меѓугенерациските врски како системи на поддршка на старите лица и се проучуваат преку шестте компоненти на меѓугенерациската поддршка кои овозможуваат согледување како меѓугенерациските врски влијаат на меѓугенерациската поддршка. Според Bengtson and Schrader (1982); McChasney and Bengtson (1988), одредени се шест димензии на меѓугенерациска поддршка: 1. поддршка преку дружење; 2. поддршка низ наклонетост; 3. поддршка низ согласување; 4.

функционална поддршка; 5. нормативна поддршка; 6. структурна поддршка. Заклучокот на ова истражување го сочинуваат неколку сегменти: а) ги прикажува новите форми на меѓугенерациски врски, б) овозможува согледување на постоечките семејни односи, в) ги открива причините за хармоничните или нарушените меѓугенерациски врски, г) дава приказ за размислувањата на двете генерации, д) анализата на елементите од шестте компоненти на меѓугенерациската поддршка овозможува утврдување на мерки за надминување на недоразбирањата меѓу генерациите.

**Клучни зборови:** меѓугенерациски врски, меѓугенерациска поддршка, компоненти на меѓугенерациска поддршка, стари лица, возрасни деца, внуци.

## Вовед

Осврнувањето на едно од значајните прашања на нашето време е поддршката која старите лица ја добиваат од нивните возрасни деца. Како што се зголемува концентрацијата на стари лица во вкупната популација и како што се продолжува животниот век, проблемите на меѓугенерациска помош и поддршка во доцните години од животот ќе станат уште позначајни прашања во општеството кое старее. Меѓугенерациската поддршка во староста е дел од континиумот на животниот тек на реципрочни врски меѓу генерациите и се идентификуваат посебни фази во меѓугенерациската размена во текот на животот (Kiyomi Morioka, 2011). На почетокот од животниот тек помошта се движи од родителите кон нивните деца, во подоцните фази децата, особено она дете кое наследува во семејството се грижи за старите родители. Како се одбира едно од децата кое ќе се грижи за старите родители и како се формира односот за давање грижа? Каков вид на преговори и договарања се вклучени во овие процеси?

Одредувањето на тоа кој ќе се грижи за родителите во староста претставува значаен „императив“ кој често изискува предходни подготовки, како на пример, договори за наследување или

други стратегии. Постои, т.н. стратегија на реципроцитет меѓу родителското обезбедување, грижа на своите деца порано во животот и добивањето поддршка од своите деца во староста. Преземањето грижа за старите родители е поврзано не само со бројот на деца кои се на располагање, туку и со системите на наследување, културните вредности кои ја уредуваат меѓугенерациската поддршка, значењето на полот и редот на раѓање на децата во преземањето на овие одговорности.

Домувањето меѓу генерациите, исто така, поттикнува неколку прашања поврзани со природата на генерациската поддршка. Под какви околности старите генерации живеат со возрасните деца или други роднини? И обратно, под какви околности старите родители живеат одвоено и се во интеракција со роднините во различни форми на помош надвор од домаќинството? Обемот на заедничко домување евидентиран во истражувачките податоци може да прикажува животни форми во кои старите родители кои не живеат со нивните деца може тоа да го направат многу подоцна кога ќе станат многу по зависни од други. Дали доминантната форма на домување е онаа на нуклеарни домаќинства или постарите генерации живеат со своите возрасни деца кои стапиле во брак, во исто домаќинство? Дали децата повремено живеат во домаќинството на своите родители за кратки периоди, дали настојуваат да најдат дом блиску и да добиваат помош од своите родители, особено при оформувањето на ново домаќинство или во грижата за малите деца? Дали за популацијата генерално, „блискоста/дистанца“ се чини дека е преферирана формула за интеракцијата на децата кои стапиле во брак,во однос на своите родители? Кога родителите доживуваат длабока старост, дали децата се понастроени да ги задржат во нивниот дом? Кога старите родители се во можност самите да се грижат за себе, дали децата прават напор да живеат во близина? А зошто не во исто домаќинство? Генерално, ставовите кон меѓугенерациското помагање во доцните години од животот се под влијание на вредностите и искуствата кои се развиваат или се менуваат во текот на севкупниот животен тек.

**Предмет на истражување**

Предмет на истражување во оваа студија е утврдување на состојбата со меѓугенерациските врски и меѓугенерациската поддршка која возрасните деца ја даваат на старите родители и обратно, поддршката која старите родители ја даваат на возрасните деца. Се истражуваат семејните односи и се дава приказ за разликите кои постојат во однос на субјективните и објективните показатели, како и на можните причини за разликите. Ова истражување ја користи теоријата на меѓугенерациска поддршка како организациона рамка на дискутирање за значајните аспекти кои влијаат на односите родител - возрасно дете. Теоријата на меѓугенерациска поддршка е развиена за да изгради знаење и разбирање на повеќегенерациските семејни односи и да објасни што ги држи заедно (McChesney & Bengtson, 1988). Таа обезбедува рамка за идентификување на значајни аспекти на семејните односи и овозможува да се истражи и да помогне во утврдувањето каде постојат празнини во меѓусебното разбирање. Во принцип теоријата на меѓугенерациска поддршка ги истражува взаемните односи во рамките на семејството: родител - дете, стари родители - внуци и дополнителните комбинации на трите генерации. Во Табела 1 се прикажани шестте форми на односите родител - дете кои се одредуваат како основни компоненти на системот на меѓугенерациска поддршка.

**Табела 1. Шестте компоненти на системот на меѓугенерациска поддршка, со номинални дефиниции и примери на емпириски индикатори**

<u>Синтетизиран поим Дефинирање Емпириски индикатори</u>

**1) Поддршка преку дружење -** Фреквенција и модели на интеракција

1. Фреквенција на меѓугенерациска интеракција во различни видови на активности (т.е. лице в лице, телефонски) во кои учествуваат членовите на семејството.

2. Видови на заеднички споделени активности (рекреација, посебни прилики и сл.).

**2) Поддршка преку наклонетост; -** Вид и степен на позитивни чувства преку

1. Проценка на наклонетост, емотивна блискост, наклонетост кон членовте на семејството, разбирање, доверба, почитување и сл. и степенот на реципроцитет на овие чувства за членовите на семејството.

2. Проценка на запазениот реципроцитет во позитивни чувства меѓу членовите на семејството.

**3) Поддршка преку согласување -** Степен на договор за вредностите

1. Согласување во семејството помеѓу индивидуалните мерки ставови и верувања, помеѓу одредени вредности на членовите на семејството.
2. Карактеристики на запазените сличности со другите членови на семејството во однос на вредностите, ставовите и верувањата.

**4) Функционална поддршка -** Степен на помагање и размена

1. Фреквеција на меѓугенерациска размена на помош на ресурсите (пр.,финансиска, физичка, емотивна).
2. Степен на реципроцитет во меѓугенерациската размена на ресурси.

**5) Нормативна поддршка**

Јачината на приврзаноста во семејството

1. Степен на значењето на семејството и **поддршка** извршување на семејните меѓугенерациските улоги улоги и во исполнувањето на

2. Степен/проценка на јачина на обврските на децата, семејни обврски (фамилијарност)

**6) Структурна поддршка**

1. Блискоста на живеење на членовите на семејството поддршка на генерациски односи кои се

2. Бројот на членовите на семејството се одразуваат преку бројот, видот и географската локација на членовите на семејството

3. Здравствената состојба на членовите на семејството

Извор: Адаптирана од Bengtson and Schrader (1982); McChesney and Bengtson (1988).

**Примерок**

Истражувањето се фокусира на меѓугенерациските врски како системи на поддршка на старите лица во семејството и вклучува квантитативно и квалитативно прибирање на податоци за состојбата. Податоците се прибирани по пат на структурирано интервју, изборот на испитаниците е направен по случаен избор, лице в лице, и се интервјуирани вкупно 240 лица, од кои 120 на возраст со над 65 години и 120 лица на возраст меѓу 30 и 60 години.

**Резултати и дискусија**

**1. Поддршка преку дружење**

Истражувањето ги разгледува можностите за размена на поддршка преку дружење, со анализа на контактите на старите лица со возрасните деца и внуците. На прашањето за фреквенцијата на меѓугенерациската интеракција лице в лице „Колку често доаѓаат да Ве посетат децата", како можни одговори беа понудени следните форми на интеракција: секој ден, 2 до 3 пати во неделата, еднаш

неделно, еднаш месечно и поретко, при што како значаен индикатор за нарушени семејни врски би било поголемото процентуално учество на одговорите дека интеракцијата се одвива поретко, прикажано во Графикон 1.

**Графикон 1. Меѓугенерациска интеракција лице в лице, на старите родители со нивните возрасни деца**




Старите лица не се единствени на кои им е потребна грижа, но без оглед на ресурсите (формални или неформални) или очекувањата („обврска на децата" или на социјално-заштитниот систем) тие и самите се извор на меѓугенерациска поддршка, на пример, со грижата за внуците. Демографските промени, особено продолжениот животен век заедно со доброто здравје, овозможуваат старите лица да помагаат на помладите на различни начини. Родителите и децата си помагаат меѓусебно со различен интензитет во текот на различното животно доба. Важно е да се посочи дека меѓугенерациската интеракција директно зависи од взаемната поддршка која си ја разменуваат родителите и возрасните деца (пр., чување на внучиња, носење во градинка или на училиште, носење на лекар, купување намирници и сл.).

Меѓугенерациската поддршка е анализирана и преку взаемното дружење на старите родители со возрасните деца и означува фреквенција и форми на интеракција во различни видови на активности во кои се вклучуваат членовите на семејството. Фреквенцијата и формите на меѓугенерациска интеракција служат како мерки за квалитетот на врските во меѓусебното однесување. Како заеднички споделени активности кои би претставувале одраз на вистинската грижа, внимание и поддршка кон старите родители од страна на возрасните деца беа истражувани: заедничкото одење на одмор, одење на излети и взаемното неформално дружење. На прашањето, „Дали децата ве поканувaат да се дружите и како најчесто го правите тоа?“, резултатите од истражувањето покажуваат дека само 16% од старите лица се изјасниле дека возрасните деца ги поканувaат на неформално дружење, а дури 84% од старите лица се изјасниле дека иницијатива за ваков вид на дружење од страна на нивните деца не постои.

### 2. Поддршка преку наклонетост

Во семејството, меѓугенерациската поддршка се рефлектира и преку љубовта и грижата која родителите и децата ја имаат едни за други и покрај географската одалеченост и разликите во животното искуство. Тоа ги поврзува индивидуите заедно и уште поважно, им овозможува взаемна поддршка, грижа и размена на услуги. Сè поголем е бројот на стари лица кои во семејството обезбедуваат поддршка на помладите, извршувајќи ситни работи во домаќинството, помагаат во грижата за внуците и обезбедуваат пренесување на традиционалните вредности од една генерација на друга.Сосема е природно, чувствата на меѓусебна симпатија и респект да потикнуваат позитивни врски и интеракција меѓу родителите и децата. Несогласувањето меѓу генерациите пак, може да биде предизвикано поради несовпаѓање на интересите, недостаток на љубов, конфликти околу прашања за распределба и правичност, географската одвоеност и демографските промени кои негативно влијаат на одржливоста на формалните и неформалните системи на

социјална заштита (UN, 2001, PartIV). Со оглед на тоа, односите се менуваат и еволуираат, интеракциите меѓу генерациите често може да вклучуваат негативни чувства, стравувања, тензии па дури и отворени конфликти, кои се природни во рамки на семејствата и поголемите заедници.Со цел, согледување на состојбата со оваа компонента на меѓугенерациска поддршка, на старите родители им беа поставени серија на прашања за нивниот однос на меѓусебно почитување со возрасните деца. Овие прашања ја одразуваат проценката за почитувањето на нивното мислење, знаење и искуство од страна на нивните возрасни деца. На поставеното прашање „Дали вашите деца ви го почитуваат мислењето, знаењето и искуството?“, моделите на одговори кои беа понудени беа - да, не и делумно, но во текот на тестирањето на прашалникот се наметнаа уште два модела, кои произлегоа од личните искуства на старите лица и тоа се „Не сакам да се мешам“ и „Не бараат“, за кои сметавме дека го надоплнуваат истражувањето со нови сознанија, кои во подготовките не сме ги предвиделе. Анализата покажува дека кај 54% од старите родители децата им го почитуваат мислењето, знаењето и искуството кое го имаат со што и си го олеснуваат надминувањето на одредени проблеми во секојдневното живеење. Уделот на стари лица кај кои децата не покажуваат почитување на нивното мислење, знаење и искуство изнесува 26%. Оние стари лица кои не сакаат да се мешаат во работите на своите возрасни деца, бидејќи сметаат дека тоа се нови генерации кои имаат поинакви размислувања и навики и ги оставаат самите да ги решаваат своите проблеми за да не предизвикуваат меѓугенерациски конфликт е со удел од 2%. Со удел од 4% се оние стари лица кои се изјаниле дека децата од нив „Не бараат никакво мислење или пак пренесување на искуство“ и со удел од 14% се оние стари лица кои се изјасниле дека децата „Делумно“ им го почитуваат мислењето и искуството кое тие го имаат.

### 3. Поддршка преку согласување

Поддршката преку согласување се дефинира како степен на договор за вредностите, ставовите и верувањата меѓу членовите на семејството. Во ова истражување е направена анализа на ставовите за заедничкото меѓугенерациско живеење, за подеднаквата вклученоста на возрасните деца во грижата за старите родители и ставовите за реципроцитет во пружањето на функционалната поддршка. Резултатите за ставовите на старите лица и возрасните деца за заедничкото меѓугенерациско живеење се прикажани во Табела 2.

**Табела 2. Ставови на старите родители и на возрасните деца за заедничкото меѓугенерациско живеење**

| **Ставови за меѓугенерациско живеење** | **Старите родители** | **Возрасните Деца** |
|---|---|---|
| 1. Треба да живеат заедно | 18% | 15% |
| 2. Треба да живеат одвоено | 33% | 5% |
| 3. Треба да живеат одвоено, но блиску | 49% | 80% |
| Вкупно | 100% | 100% |

Степенот на согласување дека двете генерации треба да живеат заедно е приближно еднаков и кај двете генерации, при што уделот на старите родители кои се согласуваат со ваквиот став изнесува 18%, а кај возрасните деца 15%. Нискиот процент на ставот за заедничко меѓугенерациско живеење претставува одраз на разликите во вредностите на постарите и помладите генерации, современиот начин на живеење и брзите промени кои ги носи со себе и сѐ поголемата нетолерантност меѓу генерациите. За ставот дека старите родители и возрасните деца треба да живеат одвоено, 33% од старите лица се изјасниле дека се согласуваат, кај возрасните деца со овој став се согласуваат само 5% од испитаниците. Ваквиот резултат од само 5% согласување кај помладите генерации е резултат на потребата за физичка и финансиска поддршка од старите родители.

Учеството во ставот на старите лица од 33% за одвоено живеење, е одраз на желбата за самостојно живеење со што би биле растеретени од дополнителни финансиски издатоци или давање на физичка поддршка кон возрасните деца и внуците. Старите лица често изразуваат незадоволство од наметнатата обврска да ги помагаат своите возрасни деца, како финансиски така и физички, бидејќи децата не водат сметка за личните потреби и физичката издржливост на старите родители. За ставот дека старите родители и возрасните деца треба да живеат одвоено, но блиску се изјасниле 49% од старите лица и 80% од возрасните деца. Вака високиот процент на прифаќање на одвоено, но блиско живеење со старите родителите кај возрасните деца е одраз на современиот начин на сфаќања за домување и потребата за водење на самостојно домаќинство. Од друга страна пак ваквиот начин на живеење им овозможува и на двете генерации чувство на сигурност во случај на потреба.

## 4. Функционална поддршка

Функционалната поддршка, според концептот кој се применува во ова истражување се дефинира како степен до кој членовите на семејството разменуваат услуги или помош. Функционалната поддршка која возрасните деца ја даваат на старите родители е истражувана преку следните форми: физичка, финансиска и емотивна поддршка. Физичката поддршка опфаќа: одржување на домот, подготовка на храна, носење на лекар, давање помош во текот на боледувањето, помош во одржувањето на личната хигиена, купување на намирници и обезбедување на транспорт.Финансиската поддршка е мерена прку следните подиндикатори: давање пари, позајмување на пари, плаќање на сметки за режиски трошоци, плаќање на болнички трошоци и купување на намирници. Емотивната поддршка е мерена преку исказите за чувството на емотивна блискост со родителите: сосема блиски, делумно блиски и не постои блискост.

**Табела 3. Функционална поддршка која возрасните деца ја даваат на старите родители**

| **Структурни карактеристики на возрасните деца** | **Форми на функционална поддршка која ја даваат возрасните деца на старите родители** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Физичка поддршка** | | **Финансиска поддршка** | | **Емотивна поддршка** | |
| | **да** | **не** | **да** | **не** | **да** | **Не** |
| **Пол** | | | | | | |
| Машки | 35% | 7% | 17% | 25% | 22% | 20% |
| Женски | 45% | 13% | 12% | 46% | 22% | 36% |
| **Место на живеење** | | | | | | |
| Скопје | 35% | 12% | 12% | 34% | 19% | 28% |
| Внатрешноста | 45% | 8% | 17% | 37% | 25% | 28% |
| **Возраст** | | | | | | |
| 30-34 | 8% | 3% | 2% | 10% | 5% | 7% |
| 35-39 | 8% | 5% | 3% | 10% | 3% | 10% |
| 40-44 | 13% | 2% | 3% | 12% | 5% | 10% |
| 45-49 | 24% | 2% | 7% | 17% | 12% | 12% |
| 50-54 | 19% | 6% | 10% | 15% | 14% | 12% |
| 55-60 | 8% | 2% | 4% | 7% | 5% | 5% |
| **Вкупно приходи** | | | | | | |
| под 6,000 ден. | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 6-10,000 ден. | 7% | 0 | 0 | 7% | 5% | 2% |
| 10-15,000 | 8% | 5% | 3% | 10% | 7% | 7% |
| 15-20,000 | 11% | 3% | 5% | 10% | 9% | 7% |
| 20-25,000 | 8% | 2% | 2% | 8% | 3% | 7% |
| 25-30,000 | 13% | 2% | 9% | 7% | 9% | 6% |
| 30-40,000 | 15% | 2% | 3% | 13% | 3% | 13% |
| над 40,000 ден | 18% | 5% | 7% | 16% | 8% | 14% |
| **Вкупно** | **80%** | **20%** | **29%** | **71%** | **44%** | **56%** |

Се покажа дека 80% од возрасните деца учествуваат во давањето на физичка поддршка. Во давањето на финансиска поддршка учеството изнесува 29%, додека во давањето на емотивна поддршка учеството е 44%. Во давањето на физичка поддршка кон старите родители почесто учествуваат женските деца со 45%, машките деца учествуваат со 35%. Во давањето на финансиската поддршка кон старите родители состојбата е следна, уделот на женските деца кои финансиски ги помагаат родителите изнесува 12% а на машките 17%. Од родов аспект, состојбата со процентуалното учество на стари родители кои даваат физичка поддршка кон возрасните деца е еднаква како и кај возрасните деца. Во давањето на

физичка поддршка преовладуваат жените, во финансиската поддршка преовладуваат мажите, а кај емотивната размена уделот е скоро подеднаков и кај двата пола. Заедно со местото на живеење и на возраста ѝ се придава значење како значаен индикатор во размената на меѓугенерациската поддршка. Резултатите покажуваат дека возрасните деца кои припаѓаат на возрасната група 45-49 години, најчесто се вклучени во физичката поддршка на своите родители со 24%, потоа следува возрасната група 50-54 години со удел од 19%. Возрасната група 50-54 години, најчесто дава и финансиска поддршка на своите стари родители со удел од 10%, како и во давањето на емотивна поддршка кон родителите со 14%. Ваквата состојба е оправдана бидејќи овие две возрасни групи на деца имаат родители кои се со над 75 години возраст и на кои најмногу им е потребна функционалната поддршка.

Во истражувањето беше проучуван и степенот на реципроцитет во меѓугенерациската размена**.** Преку реципроцитетот луѓето воспоставуваат меѓусебно зависни заедници на влијание и размена. Реципроцитетот е одлика на семејства и заедници кои разменуваат услуги и добра, според модели на давање и примање кои се општествено санкционирани. Ваквите размени претставуваат двонасочни трансфери кои најчесто се ориентирани кон постигнување на повисоко ниво на взаемно задоволство наместо индивидуална себичност. За согледување на степенот на реципроцитет во меѓугенерациската размена на ресурси во овој дел од трудот ја анализираме финансиската поддршка. Првата група на испитаници беа старите родители кои беа прашани: „Каква е меѓусебната финансиска размена меѓу вас и децата?" и со понудени форми на одговори: „Подеднаква; Повеќе даваме ние кон нив; Повеќе даваат тие кон нас; и Не постои финансиска размена". Прашањето за размена на финансиска поддршка не содржеше конкретен износ на пари туку целта беше да се согледа колку кај возрасните деца постои чувство на морална обврска да им се помага финансиски на старите родители. Резултатите покажуваат дека оценката за размена на финансиската поддршка како „Подеднаква" кај старите родители изнесува 3% а кај возрасните деца 15%. Размената која е оценета како

„Повеќе даваме ние кон нив", кај старите родители е со стапка од 63%, а кај возрасните деца со 20%, што укажува на тоа дека старите родители претставуваат позитивен извор на најразлични видови на меѓугенерациска поддршка, особено во финансиската размена. За оценката на размената преку исказот „Повеќе даваат тие кон нас", кај старите родители кои се изјасниле дека возрасните деца даваат повеќе финансиска поддршка кон нив е со стапка од 8%, а кај возрасните деца стапката е 35%, што покажува дека и во овој случај поддршката од старите родители кон децата е почеста. Последниот исказ „Не постои размена на финансиска поддршка" може да биде предизвикан поради: недостаток на усогласеност на интересите, недостаток на взаемни чувства на наклонетост и љубов, конфликти околу прашања за дистрибуција, поделба и еднаквост и просторната одвоеност. Негативната интеракција меѓу старите родители и возрасните деца може да прерасне во проблематични ситуации кои влијаат на постоечката доверба и наклонетост меѓу генерациите. За непостоење на размена на финансиска поддршка, се изјасниле 18% од старите родители. Оценката пак која ја даваат возрасните деца дека „Не постои размена на финансиска поддршка" е со стапка од 30%.

## 5. Нормативна поддршка

Нормативната поддршка се дефинира како лично видување и пренесување на нормите за солидарност во семејството. Овие норми ги вклучуваат видувањата за помагањето во обврските околу домаќинството, споделувањето на животни одлуки со семејството, обврски кои треба да се споделат со поширокото семајство и дали членовите на семејството треба взаемно да си помагаат (Mangen&Westbrook, 1988).Верувањето дека семејствата треба да си помагаат едни на други влијае на севкупната меѓугенерациска размена.Нормативната поддршка во истражувањето беше анализирана преку група на прашања за нормите околу наследните права на децата и за обврските на возрасните деца во обезбедувањето на грижа и поддршка на родителите. Подеднаквата распределба на имотот на старите родители им овозможува материјална сигурност на

возрасните деца во животот, но и им дава право на родителите да им се возврати за тоа преку почитување и поддршка во секојдневниот живот.Севкупниот впечаток кој се стекнува од одговорите на старите родители е дека сѐ уште опстојуваат традиционалните ставови за наследните права на децата, при што машките деца секогаш имаат предност во преносот на материјалното богатство од родителите. Со тоа им се обезбедува поголема материјална сигурност во животот или како што се изјасни една испитаничка од групата на старите родители, дека синот е тој кој ќе ја продолжи „лозата", па нормално е на нему да му се пренесе имотот, а ќерките одат во „туѓа куќа", па нема зошто да им се дава. И кај видувањата на возрасните деца за наследните права повторно се забележува поголем удел на традиционалните сфаќања за преземање на обврските за поддршка на родителите само од едно дете и тоа најчесто машкото.

Во истражувањето е анализирана и проценката на јачина на обврските на децата кон старите родители.Моралната одговорност за поддршка на родителите кон своите деца секогаш е поголема од поддршката на возрасните деца кон своите родители. Одговорноста да се возврати на родителите за она што тие го дале кон децата во текот на животот е содржана во нормите за обврските на децата кон родителите, кои се составен дел на законски и конфесионални одредби. Обврските на возрасните децата вообичаено се базираат на нормата за реципроцитет, преку која тие имаат одговорност да даваат поддршка на своите стари родители како замена или возвраќање за родителската грижа и поддршка која ја добиле од нив во детството. Мотивацијата кај возрасните деца за поддршка кон родителите, произлегува од нормативните обврски и личните односи и резултира во мотивациски чувства како што се емотивната блискост, реципроцитетот или можната размена на поддршка и тие поддржувачки мотиви се обликувани од поширокиот структурен контекст и условите на семејството.

Во Табела 4 се разгледуваат ставовите на двете генерации за обврските на возрасните деца кон старите родители и ставовите за тоа дали е потребно да им се возврати на старите родители за дадената физичка, емотивна и материјална грижа.

**Табела 4. Степен на прифаќање на обврските/нормите, според исказите на старите лица и на возрасните деца**

| | Старите лица | | Возрасните деца | | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|
| **Опфат на обврска/норма** | **Се согласувам** | **Не се согласувам** | **Се согласувам** | **Не се согласувам** | **Старите лица/Возрасните деца** |
| Сите деца треба подеднакво да се грижат и да ги помагаат родителите во староста | 83% | 17% | 83% | 17% | 100% |
| Децата треба да возвратат на родителите за дадената физичка, емотивна и материјална грижа | 58% | 42% | 95% | 5% | 100% |

Како исклучително интересни се ставовите на старите лица во однос на родовите улоги на возрасните деца. На прашањето „Дали сите деца треба подеднакво да се грижат и да ги помагаат родителите во староста?“, со удел од 83% и двете групи се согласуваат со овој став, а 17% не се согласуваат. Вака големиот процент искажан во ставовите дека обврската во грижата кон родителите во староста е обврска на сите деца подеднакво кај двете генерациски групи, поттикна дополнителна анализа за тоа колку ваквите ставови реално се применуваат во секојдневното живеење. На други потпрашања во текот на истаржувањето, кај голем број на испитаници од групата на старите лица наидовме на нелогичности во ставовите за преземањето обврски околу нивната грижа во староста. При прашањето за тоа на кое од децата ќе го остават својот имот, логично беше дека доколку сметаат дека обврската за грижа во староста кон нив треба сите деца подеднакво да ја поделат, тогаш треба и подеднакво да бидат вреднувани. Но, се забележа преферирање и давање на привилегии само на машките деца, додека пак женските требаа да помагаат подеднакво, но не и да добијат/наследат подеднакво од родителите. Ваквата практика на родителите придонесува за нарушувања во меѓугенерациските врски и во давањето на меѓугенерациската

поддршка. Чести беа исказите дека од секогаш било така и дека е сосема оправдано да се постапува така, бидејќи женските деца се „под туѓ покрив“ и дека „женските деца можат да донесат поголем срам на семејството“, а за синовите дека тие се тие кои ја продолжуваат „семејната лоза“. Огорченоста од ваквите постапки на родителите кон возраните деца јасно беше искажана од една испитаничка: „Кога почина мајка ми, не ѝ отидов на погреб, бидејќи цел живот го помагаше само брат ми, а јас и сестра ми се снаоѓавме како знаевме. Сама одгледав три деца“. При анализирањето на вториот став - Децата треба да возвратат на родителите за дадената физичка, емотивна и материјална грижа, анализата покажува дека 58% од старите родители се согласуваат со ваквиот став, а 42% не се согласуваат. Вака високиот процент од 42% дека не се согласуваат со ваквиот став е одраз на одважноста/гордоста која се покажува пред непознати лица, дека тие се независни, дека можат работите сами да си ги вршат, но преку разговорот во текот на интервјуто сепак изкажуваат незадоволство од тоа како им се возвраќа од возрасните деца, дека недоволно ги почитуваат и недоволно им помагаат.

Исказите на возрасните деца се сосема поинакви од тие на постарите генерации. Дека децата треба да возвратат на старите родители се изјаснуваат дури 95% од возрасните деца, а само 5% искажуваат несогласување со ваквиот став кој најчесто е одраз на нарушени семејни односи.

## 6. Структурна поддршка

Структурната поддршка се дефинира како можност за меѓугенерациски односи кои се одразуваат преку бројот, видот и географската блискост на членовите на семејството. Во истражувањето за тоа кои семејни фактори се поврзани со меѓугенерациската размена, како фактори за семејна кохезија кои се истражуваа се оние за меѓугенерациската семејна структура, географската блискост и бројот на членовите во семејството. Значаен дел од истражувачката литература за семејствата во старото доба

сугерира дека старите родители и нивните возрасни деца вообичаено остануваат вклучени во меѓусебните односи во текот на целиот живот. Семејството има значајна улога во грижата за старите лица, нивната добросостојба и задоволството од животот. Едниот аспект се однесува на тоа како се дистрибуира меѓугенерациската поддршка кога имаат потреба за поддршка и двете генерации во исто време, а другиот значаен аспект од обезбедувањето на грижа за старите лица е географската блискост. Дали може географската блискост меѓу возрасните деца и старите родители да ни открие нешто за субјективното задоволство од воспоставените меѓугенерациски врски на старите родители?

На прашањето за географската блискост меѓу возрасните деца и старите родители беа понудени следните опции на одговори: „Живееме заедно, Живееме одвоено (ова подразбира живеење во исто семејство, но засебни домаќинства), Живееме во истата населба, Живееееме во истиот град, Живеат во друг град и Живеат надвор од земјата". Разгледувајќи ја географската блискост на старите лица со децата резултатите покажаа дека задоволството е најчесто кај оние стари лица кои живеат во близина на своите деца, т.е. кај оние што живеат во иста населаба со 20% и кај оние кои живеат во истиот град со 19%. Анализирајќи го степенот на незадоволство кај старите лица и споредувајќи го со географската блискост со децата, се забележува дека незадоволството анализирано преку одговорите „Незадоволен" и „Делумно" изнесува 29% и е најголемо кај старите родители кои живеат во истата населба. Ваквото незадоволство најчесто е поради преоптовареноста во обезбедувањето на физичка и финансиска поддршка кон возрасните деца, но и поради обврските околу внуците за кои се грижат старите родители најчесто поради смртта на возрасните деца. Ваквата обврска која ја имаат старите лица во преземањето на грижа за внуците, истата ја прифаќаат со огромна одговорност со која често и не можат во потполност да се справат. За одбележување е и незадоволството кое го изразуваат старите лица кои живеат во исто семејство со едно од децата, но во одвоени домаќинства. Причините за ваквото незадоволство се најчесто поради изневерените очекувања на старите родители дека во староста ќе

останат да живеат заедно со своето дете кое би ја преземало комплетната грижа за нив, па затоа и најчесто му го препишуваат во наследство целиот имот, но старите родители остануваат со изневерени очекувања и го продолжуваат животот во покорност кон детето со кое живеат, со страв и неизвесност за сопствената иднина. Ваквите постапки на старите родители, со кои вршат отворено пренесување на имотните права кон своите деца, во истражувањето се покажаа како неефикасни и високо ризични за старите лица.

**Заклучоци од истражувањето**

Врз основа на резултатите кои се добиени со истражувањето, изведуваме повеќе релевантни заклучоци: „Семејството, особено возрасните деца, остануваат главен извор на поддршка и грижа за старите лица. Опстојувањето на силните патријархални вредности според кои власта и моќта на машките деца е примарна, придонесува за нарушување на семејните врски како меѓу старите родители и возрасните деца, така и меѓу самите возрасни деца. Родителите обично се потпираат на синовите, сметајќи дека според традиционалните семејни норми тие ќе ги дочуваат и со тоа ќе си обезбедат сигурна старост, меѓутоа, машките деца оформуваат свои семејства со свои обврски и најчесто не го реализираат ова очекување на старите родители или го реализираат делумно. Доколку родителите ги воспитуваат децата на поинаков начин, со поинакви семејни норми за взаемно помагање кон нив од сите деца, во тој случај одговорноста и тежината во грижата за старите родители би била подеднакво распределена меѓу сите деца, а не само на едно од нив. За старите лица особно е значајно да, доколку не живеат во заедница, да живеат блиску до своите деца, бидејќи тоа им дава чувство на сигурност дека во случај на потреба ќе има кој да им помогне. Преку теоретски и практични активности во образовниот процес потребно е да се промовира родовата рамноправност, меѓугенерациската солидарност, поддршката и почитувањето кон старите лица сè со цел старите лица да не бидат третирани како терет на општеството. Истражувањето покажа дека е неопходна и

едукација на старите лица во врска со имотните права, наследувањето и последиците од тие права врз старите лица, и на државно ниво воспоставување на институционален заштитник за правата на старите лица.

## Литература

Albertini, M., Kohli, M. & Vogel, C. 2007, 'Transfers of time and money among elderlyEuropeans andtheir children: Common patterns - different regimes?', *Journal of European Social Policy,* vol. 17**,** pp. 319-334.

Bengtson Vern and Roseann Giarusso, Mabry, J. Beth and Silverstein, Merril (2002) "Solidarity, Conflict and Ambivalence: Complementary or Competing Perspectives on Intergenerational Relationships?" in *Journal of Marriage and Family* Volume 64 no 3, 568-576

Bengtson, V. L., & Lowenstein, A. 2003, Global aging and challenges to families, Aldine De Gruyter, New York

Clarke, E.J., Preson, M., Raksin, J. & Bengtson, V.L. (1999). Types of conflicts and tensions between older parents and adult children. *Gerontologist, 39*, 261-270.

Connidis, Ingrid Arnet (2009) Family ties and Aging, London, SAGE Publications Ltd.

Izuhara, M. (2010). Ageing and Intergenerational Relations: family reciprocity from a global perspective,

The Policy Press University of Bristol, UK

Kohli, M., and H. Künemund. 2005. The middle generation in the family: Patterns ofexchange and support. In *Middle adulthood: A lifespan perspective*, eds. S. L. Willisand M. Martin. Thousand Oaks, CA: Sage.

Lawton, M.P., Silverstein, M. & Bengtson, V. (1994). Affection, social contact, and geographic distance between adult children and their parents. *Journal of Marriage and the Family,56*, 57-68.

Mangen, D.J., Bengtson, V.L., & Landrey, P.H., (1988). *Measurement of intergenerational relations*. Newbury Park, CA: Sage Publications

Научен собир, (2003), Социјалната положба на населението во Р.Македонија, Фондација Фридрих Еберт, Скопје

Rossi, A.S., & Rossi, P.H. (1991). Normative obligations and parent-child help exchange across the life course. In K. Pillemer & K. McCartney (Eds.), *Parent-child relations throughoutlife* (pp. 201-223). Hillsdale, NJ: Lawrence Erlbaum, Assoc.

Silverstein, M., Parrott, T.M., & Bengtson, V.L. (1995). Factors that predispose middle-aged sons and daughters to provide social support to older parents. *Journal of Marriage andthe Family, 57*, 465-476.

Walker, Alan (2000). Sharing long-term care between the family and the state – a European perspective. In W.T. Liu and H. Kendig, *Who should care for the elderly?* (pp. 78-106). Singapore: Singapore University Press.